# ПРОТОКОЛ

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ОДДЕЛНИ ПРЕДМЕТИ, НА ОПШТИНСКО, РЕГИОНАЛНО И ДРЖАВНО НИВО ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

Во просториите каде ќе се изведуваат натпреварите потребно е да бидат обезбедени санитарно-хигиенски услови.

Да се означат влезовите за влез и излез од местото каде што ќе се одржува натпреварот, како и патеки за еднонасочно движење.

На местото каде што ќе се одржува натпреварот се овозможува влез само на учениците кои се учесници на натпреварот.

Натпреварот се реализира во групи и при тоа во една група на натпреварувачи во иста просторија може да присуствуваат најмногу до 10 ученици.

Учениците се спроведуваат до просторијата каде што се одржува натпреварот од страна на назначено лице од организаторите на натпреварот, без непотребно задржување во ходниците или заедничкиот простор во објектот.

При влегување во просториите каде се одржуваат натпреварите се врши мерење на температурата на секој ученик и учесник на натпреварот, како и дезинфекција на рацете.

За цело времетраење на натпреварот сите присутни задолжително носат маска/прекривка.

Во секоја просторија каде што се оддржуваат натпреварите се поставуваат дезифекциски средства.

Се забранува поздравување со физички контакт.

Задолжително е одржување на физичко растојание помеѓу сите присутни на натпреварот од најмалку од 1,5 метри.

Просториите во кои се одржува натпреварот се проветруваат или доколку овозможуваат временските услови се остава отворен прозорец.

Проветрување и дезинфекција се прави по завршување на натпреварот на секоја група .

По завршување на натпреварот учениците да го напуштаат просторот движејќи се по означените насоки на движење.

Зависно од спецификите на натпреварот, Здруженијата можат да го дополнат овој протокол со дополнителни мерки за заштита од ширење на вирусот.

При организирање на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование во услови на пандемија, освен овој Протокол важи и Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година и строго да се почитуваат пропишаните превентивни мерки.

Организаторите на натпреварите ќе сносат полна одговорност за контрола и правилно спроведување на протоколните мерки